# СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА.




Х. Е. Р. А.

A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ YOUTH EDUCATIONAL FORUM

ЕГАЛ

Roma Resource Center

EMSA

Y-PEER

Youth Peer Education Network

СЕКСУАЛНО
ОБРАЗОВАНИЕ
ВО МАКЕДОНИЈА.

# МЛАДИНСКА **ДЕКЛАРАЦИЈА**

## ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Ние, младите активисти **преставници на 20 здруженија на граѓани** кои работат во полето на сексуалното и репродуктивното здравје и права, здружени во младинската мрежа Y-PEER, бараме од Владата на Република Македонија, Собранието и другите државни институции во нашата земја да воведат сеопфатно сексуално образование во училиштата.

Ги поздравуваме напорите на институциите кои преку  спроведување на превентивни програми, донесување на национални стратегии и други интервенции, се заложуваат за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и права. Сепак, сеуште остануваат голем број на предизвици кои што се неисполнети, а чие што остварување ќе значи подобрување на целосната благосостојба, вклучувајќи го и здравјето.

Младината во Македонија секојдневно се соочува со низа на проблеми: немање на пристап до модерни контрацептиви, бесплатни кондоми, сервиси за сексуално и репродуктивно здравје, а пред се недостаток од сеопфатни информации за нашето сексуално и репродуктивно здравје и права. Ова нè прави нас ранливи, притоа неможејќи да донесеме информирини одлуки за нашето сексуално и репродуктивно здравје.

Поради тоа бараме од Владата на Република Македонија, Собранието и другите релевантни државни институции да се воведе во училиштата сеофатно сексуално образование кое ќе ни овозможи:

**Да се стекнеме со релевантни информации, знаења и да развиеме вештини како да го сочуваме и унапредиме своето сексуално и репродуктивно здравје**
**Да стекнеме позитивни ставови и вредности за сексуалноста, да ги почитуваме разликите , да не осудуваме**
**Да се информираме за нашите сексуални и репродуктивни права, да ги урнеме митовите и стереотипите**
**Да развиеме вештини за  донесување на одлуки и почитување на туѓите**
**Да бидеме подготвени за емотивни, сексуални,  врски и односи, без насилство и злоупотреба на другиот и себеси**
**Да се залагаме за родова еднаквост**

Правото на образование е обврска на нашата држава која што  е превземена со потпишување и ратификување на бројни меѓународни договори , кои  се сега дел од домашната легислатива. Поради тоа, секој млад човек во нашата држава треба непречено да го ужива секој аспект на ова право, вклучувајќи го и сексуалното образование.

Ние, младите луѓе, согледуваќи ги искуствата на државите од Европа и светот, уверени сме дека воведувањето на сексуалното образование во нашите училишта ќе донесе единствено позитивни промени:

**Одговорно сексуално однесување**
**Зголемување на способноста за донесување на информирани одлуки**
**Намалување на зачестеноста на полово преносливите инфекции и стапката на непланирана бременост**
**Намалување на предрасудите**
**Зголемување употребата на контрацепција и кондомите**
**Одложување на првиот сексуален однос и намалување на бројот на сексуални партнери**

Со надеж дека процесот на подготвување на програма за сексуално образование и нејзино спроведување ќе започне што поскоро, ги повикуваме институциите тоа да го сторат преку активно учество на младите. Исто така, со оваа декларација повикуваме на прифаќање на рамката за сексуално образование, подготвена од експертската група.